**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

**SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE**
**FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE**
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р М бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 44 од Статутот на Градежниот факултет - Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Деканот на Факултетот, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-04/ 65-48
25-11- 2020 год.

# ОДЛУКА

## за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет – Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Градежниот факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

### Член 2

Претседателот и членовите на факултетското студентско собрание на Градежниот факултет - Скопје се избираат на непосредни и демократски избори со тајно гласање, на ден 18.12.2020 година (петок).

### Член 3

Се именува Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот во следниот состав:

1. вон. проф. д-р Маријана Лазаревска, претседател,
2. вон. проф. д-р Златко Зафировски, член
3. Марјан Здравковски, студент – член
4. Огнен Тасевски, студент – член
5. Димитар Ѓошев, студент – член.

### Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат

изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
– ги утврдува резултатите од гласањето;
– составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
– врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

**Член 5**

Кандидатите за претставници во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студенти по предлог на студентите од прв, втор и трет циклус на студии.

**Член 6**

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по години од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии и тоа:
- 5 претставници од прва година, прв циклус на студии;
- 5 претставници од втора година, прв циклус на студии;
- 5 претставници од трета година, прв циклус на студии;
- 4 претставници од прва година, втор циклус на студии;
- 4 претставници од втора година, втор циклус на студии и
- 1 претставник од трет циклус на студии.

**Член 7**

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите редовни студенти на Факултетот кои се запишани на студии во учебната 2020/2021 година и имаат запишан зимски семестар.

За претседател на Факултетското студентско собрание може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2020/2021 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидатурата (писмена пријава) заедно со потписите за поддршка од најмалку 5 студенти се поднесува до Изборната комисија преку студентската архива на Факултетот или преку официјалната е-пошта на студентот до официјалната е-пошта на Изборната комисија.

**Член 8**

За избран претседател и членови на Факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот / кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 9**

Врз основа на доставените пријави од студентите, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4 став 1 алинеја 2 од оваа одлука, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

**Член 10**

Организацијата и спроведувањето на изборите од член 1 на оваа одлука ќе биде регулирано со донесување на Упатство од страна на Изборната комисија.

**Член 11**

Се задолжува изборната комисија од член 2 на оваа Одлука, изборите за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје и Статутот на Факултетот.

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страната на Факултетот и се доставува електронски до студентите на Факултетот.

**Декан,**

**Проф. д-р Златко Србиноски**

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија, ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Доставено до:

- Членови на Комисија
- Веб страна на Факултетот
- Студентите на Факултетот (по електронски пат)
- Архива